

Македонско здружение на млади правници

Kingdom of the Netherlands

## СПИСАНИЕ

# ПРАВЕН ФОКУС (Focus Iuris)

## -прво издание-

Списанието содржи стручни статии
од областа на правото
подготвени од млади правници

декември 2020
© Македонско здружение на млади правници

**Наслов на публикацијата**
Списание „Правен фокус“
-прво издание-

**ISSN 2671-3667**

**Издавач**
Македонско здружение на млади правици
www.myla.org.mk
Декември, 2020

**Уредувачки одбор**
Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ
Проф. д-р Горан Илиќ
Проф. д-р Јелена Ристиќ

**Лектор**
Весна Костовска

**Ликовно и графичко обликување**
Ани Аранѓеловиќ

**Напомена:**
„Ставовите наведени во објавените стручни статии се единствена одговорност на авторите и на ниеден начин не може да се смета дека ги одразуваат официјалните ставови на Уредувачкиот одбор, Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија и Македонското здружение на млади правници“.

**Iuventus cupida legume (млади желни за право)**

Им искажуваме огромна благодарност на сите што учествуваа и беа дел од списанието „Правен фокус“, како и на Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија, кои дадоа огромна поддршка во процесот на изработка на списанието.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** 6

**ЗА УРЕДУВАЧКИОТ ОДБОР** 6
Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ 7
Проф. д-р Горан Илиќ 8
Проф. д-р Јелена Ристиќ 9

**ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ** 10
Викторија Јорданоска – „УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПРЕКУ ПРОМОВИРАЊЕ НА НАПРЕДНИТЕ ТЕХНОЛОГИИ: ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ“ 11

Ангела Јанкоска – „ОД ДРУГАТА СТРАНА: ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ДЕРОГИРАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА“ 18

Илија Јованов – „УСТАВНА ЖАЛБА – ПОТЕНЦИЈАЛЕН ЕФИКАСЕН ПРАВЕН ЛЕК ВО ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА ВО МАКЕДОНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ“ 25

**ПРАВА НА ДЕЦАТА** 38
Васка Бојаџи – „РАБОТАТА НА УЛИЦА КАКО ЕДНА ОД НАЈЛОШИТЕ ФОРМИ НА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕТСКИОТ ТРУД – МАКЕДОНСКАТА РЕАЛНОСТ“ 39

Симона Јовчевска – „АНАЛИЗА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ДОКУМЕНТИ ШТО ГО ГАРАНТИРААТ ПРАВОТО НА ПОСВОЕНИТЕ ДЕЦА ДА ГО ЗНААТ СВОЕТО ГЕНЕТСКО ПОТЕКЛО“ 51

Александра Роглева – „ВЛИЈАНИЕТО НА МЕДИУМИТЕ ВРЗ ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 62

Ивана Спировска – „НЕПРИДРУЖУВАНИТЕ ДЕЦА БЕГАЛЦИ НИЗ ПРИЗМАТА НА НОРМАТИВНАТА РАМКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 70

**РАБОТНИЧКИ ПРАВА И ВРАБОТУВАЊЕ** 78
Вилдан Дрпљанин – „РАБОТНИЦИТЕ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА (ПРВ ДЕЛ)“ 79

Василчо Илијев – „ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 89

**ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТОРТУРА И МАЧЕЊЕ** 98
Росана Богатинова – „ПРАВАТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ДРОГИ ПРИ ВРШЕЊЕ ПРЕТРЕС ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 99

Софија Христовска – „УЛОГАТА НА ЕВРОПСКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА И НАЦИОНАЛНИОТ ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТОРТУРА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 104

**ЖИВОТНА СРЕДИНА** **112**

Константин Битраков, Софијана Марковска – „КРИТИКА НА ПРИМЕНАТА НА НАЧЕЛОТО НА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 113

Фани Димоска – „ВО ПОТРАГА ПО СООДВЕТНА ЗАШТИТА: УСТАВНО ЗАГАРАНТИРАНОТО ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 124

**ВОНРЕДНА СОСТАОЈБА И КОВИД 19** **131**

Бојан Трпевски – „ПРИМЕНАТА НА ЧЛЕНОТ 206 ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК КАКО ДЕЛ ОД КРИВИЧНОПРАВНИОТ ОДГОВОР НА КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД-19 ВО МАКЕДОНИЈА“ 132

Ангела Ристевска – „ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА“ 143

Вера Мартиноска – „ПРАВОТО НА ЗДРУЖУВАЊЕ И СОБИРАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 153

Иван Дургутов – „ВЛИЈАНИЕТО НА ЕРАТА НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ВРЗ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА“ 161

**СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И МЕДИУМИ** **167**

Тамара Славеска Апостоловски – „(ЗЛО)УПОТРЕБА НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ОНЛАЈН ПРОСТОРОТ: ДИЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРАВНАТА РЕГУЛАЦИЈА НА ИНТЕРНЕТ-ПОРТАЛИТЕ ВО РЕПУЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 168

Стојчевски Игор – „ЛАЖНИ ВЕСТИ НАСПРОТИ СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ПРАВНИ АСПЕКТИ“ 179

**ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ** **187**

Ана Божарова – „ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ И ПРЕДИЗВИКОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ 188

**УПРАВНО СУДСТВО И УПРАВНИ СПОРОВИ** **195**

Елена Јаман – „АНАЛИЗА НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНИТЕ СПОРОВИ ОД 2019 ГОДИНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА И ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ УПРАВНОТО СУДСТВО И ГРАЃАНИТЕ“ 196

**Автор: Александра Роглева**

**Доктор по правни науки од областа на казненото право**

# ВЛИЈАНИЕТО НА МЕДИУМИТЕ ВРЗ ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

Активното вклучување на децата во општествениот живот подразбира создавање цел систем позитивни вредности што родителите, дури и да сакаат, не се во можност да им ги овозможат, бидејќи растењето и созревањето во вистинската смисла на зборот е процес со огромни потенцијали, кој бара континуирани вложувања не само од страна на членовите на потесното семејство, туку и од поширокото општествено окружување. Кога зборуваме за пошироко општествено окружување, овде, бездруго, мислиме и на медиумите, кои во поновата историја се сметаат за едни од најмоќните и највлијателни креатори на перцепциите и ставовите на јавноста во однос на важните општествени прашања. За разлика од порано, кога единствениот извор на информации беа телевизиските/радиоприемници и печатените медиуми, денес комуникациското окружување е препознатливо по доминантното присуство на електронските медиуми во речиси сите сегменти од општественото живеење. Медиумскиот простор стана толку моќна алатка во креирањето на перцепциите на пошироката јавност по повод сите општествени случувања што речиси е незамисливо настан што на кој било начин го тангира јавниот интерес да не биде проследен на мрежите за масовна комуникација во пишана или во аудиовизуелна форма. Така, во услови на сеприсутно и континуирано влијание на технологијата во општественото живеење, медиумите се сметаат за нераскинлива нишка помеѓу широкиот аудиториум (во кој спаѓаат и децата) и медиумските содржини, кои во својата основа се производ на отелотворувањето на начелото на јавен интерес.[101] Сепак, емитувањето програми и какво било инволвирање на децата на медиумските или комуникациски платформи заради промовирање и развој на слободната мисла, а со цел задоволување на она што значи јавен интерес, понекогаш може да биде спротивно на правото на приватност и заштита на интегритетот или, пак, да има штетно влијание врз детската индивидуа, а тоа, пак, е директен повод за креирање заштитни интервенции од страна на засегнатите општествени структури.[102] Токму поради тоа, слободата на изразување не е апсолутно загарантирана и подлежи на повеќе ограничувања,[103] меѓу кои во контекст на темата што е предмет на интерес, посебно значење имаат оние што се вршат поради заштита на посебниот општествено-биолошки статус на децата како особено ранлива категорија, лесно подложна на злоупотреба.

Во време кога технолошките достигнувања ги прават достапни информациите до повеќе деца ширум светот, а со тоа се овозможува поголема партиципација во глобалниот проток на информации, неминовна е потребата од анализирање на улогата на медиумите и комуникациското окружување во социјалната трансформација на детскиот живот. Од ова произлегува и главата теза

101 Јавниот интерес во медиумскиот простор речиси секогаш се поврзува со интересите и потребите на граѓаните и е една од основните вредности на демократски ориентираните општества. И покрај тоа што е сосема јасно какво е неговото значење во креирањето на јавните политики и овозможувањето активно партиципирање на граѓаните при создавањето медиумски содржини, сепак до денес не постојат прецизна дефиниција и генерален консензус околу тоа што точно претставува. Ова се должи на фактот што честопати, во зависност од општествените околности, развојните промени и политиките што ги спроведува партијата на власт, врз одредувањето на овој поим влијаат различни и, неретко, спротивставени интереси. Токму поради тоа, јавниот интерес се смета за динамична категорија чие дефинирање не е докрај заокружено, но сепак постојат одредени принципи врз кои е втемелен и се задолжителни во неговото поимно детерминирање. Такви се обврската на медиумите, да обезбедат целосни, вистинити и релевантни информации, да овозможат размена на идеи и критички ставови и да обезбедат репрезентативна слика на сите групи што ја сочинуваат општествената организација.

102 Како општ принцип, секое пласирање информации што се заштитени со правото на приватност мора сериозно да се одмери дали има оправдан јавен интерес. Тоа е особено применливо во случаи во кои учествуваат децата и во кои е важно да се заштитат нивниот идентитет и личните податоци, а се однесуваат, но не се ограничени на детали од нивниот приватен живот и семејните односи кога постои можност дека објавувањето на тие информации може да ги загрози благосостојбата и достоинството на малолетникот.

103 Член 10 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права (European Convention on Human Rights), Совет на Европа, 1950, ратификувана од Р. Северна Македонија во 1997 година.

врз која се базира истражувањето, а тоа е дека во современи услови на живеење, медиумскиот простор во сите негови аспекти (позитивни и негативни) е исклучително значаен наратив во креирањето на концептот на детството како транзит, односно премин во светот на возрасните. За да се осознае неговото влијание во севкупниот процес на растење и социјализација, неопходно е да се анализираат придобивките, но и негативните ефекти од изложеноста на децата на различни форми на медиумско окружување достапни на денешниот степен на цивилизациски развој. Дополнително, трудот треба да даде одговор на прашањето каде е местото на децата во медиумскиот простор во 21 век и кои се ефектите од заштитните политики за регулирање на аудиовизуелните медиумски услуги со цел остварување на концептот на детска благосостојба.

Во оваа насока, првенствено ќе биде направен краток преглед на правната регулатива преку анализа на меѓународните и домашните документи што го уредуваат предметното прашање, а во продолжение фокусот е ставен на позитивното/негативното влијание на медиумите врз правата на децата и актуелните состојби во Република Северна Македонија, со посебен осврт на пропустите и недоследностите што се јавуваат во практиката. Сосема на крајот се заклучните согледувања што произлегуваат како логичен след на сите претходни видувања, ги сумираат клучните сознанија и даваат одговор на прашањето зошто во демократски ориентираните општества (во кои спаѓа и нашето) се особено важни разбирањето и доследното почитување на правата на децата во секојдневното работење на медиумите.

Методолошката рамка на истражувањето претежно ја сочинуваат дескриптивниот, емпирискиот, како и методот на анализа/синтеза, а делумно ќе се применуваат и методите на генерализација и специјализација. Изведувањето на заклучните согледувања и формирањето општи судови/ставови во врска со темата што е предмет на интерес ќе се вршат со помош на индуктивно-дедуктивниот метод. Методологијата што ќе се користи треба да обезбеди конзистентност и прецизност во правно-теоретскиот преглед на проблемот проследен со анализа на состојбите во практиката, со цел да се создаде една заокружена тематска целина.

## МЕЃУНАРОДНА И ДОМАШНА РЕГУЛАТИВА ЗА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО МЕДИУМСКИОТ ПРОСТОР

Детските права во согласност со Конвенцијата за правата на децата на ОН[104], а кои се поврзани со нивната медиумска застапеност и влијанието што го имаат средствата за јавно информирање врз нив, се состојат од право на слободно изразување мислење за сите прашања што се однесуваат на децата,[105] слобода на изразување и слобода да бара, да прима и да дава информации и идеи од секаков вид,[106] забрана за самоволно или незаконско мешање во приватниот или семејниот живот на детето, домот или личната преписка, како и незаконски напади на неговата чест и углед.[107] Во член 17 од Конвенцијата се признава значајната улога на средствата за јавно информирање и им се наложува на државите членки да му овозможат на детето пристап до материјали и информации од различни национални и меѓународни извори, посебно оние чија цел е унапредување на неговите социјални, духовни и морални добра и физичкото и менталното здравје. За таа цел, се поттикнува и дисеминацијата на информации и материјали од социјален и културен интерес на детето, а особено меѓународната соработка во производството, размената и ширењето такви информации.

Одредбите од Конвенцијата, кои јасно и недвосмислено ги контекстуализираат детските права во однос на одговорноста на медиумите за промовирање на добросостојбата на детето, се доследно имплементирани и во правниот систем на Република Северна Македонија.[108] Сепак, овде мора да се нагласи дека иако домашната правна рамка генерално е усогласена со меѓународните

104 Конвенција за правата на детето (Convention on the rights of the child), ООН, 1989, **ратификувана од Р. Северна Македонија во 1993 година.**

105 Член 12 став 1 од Конвенцијата за правата на детето.

106 Член 13 став 1 од Конвенцијата за правата на детето.

107 Член 16 став 1 од Конвенцијата за правата на детето.

108 Со ратификацијата на Конвенцијата во 1993 година, тогашната Влада на Република Македонија се обврза да обезбеди исполнување и заштита на правата на децата преку развивање долгорочни политики и обезбедување на неопходните капацитети и ресурси за таа намена. Во оваа насока, а имајќи ги предвид законодавните реформи чија цел е усогласување на домашниот правен систем со меѓународните и европските стандарди, секоја област, вклучително и онаа посветена на правата на децата и медиумите, е регулирана со сеопфатен систем на законодавство втемелен на одредбите од Конвенцијата.

стандарди, сепак постојат и недоследности во некои области на нормативното врамување, но и незадоволителна примена на законските решенија во практиката (Давитковски и др., 2010, 5).

Основната заштита на правата на децата во овој домен е уредена со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[109] со кој изречно се забранува емитување програми што може сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми што содржат порнографија или непотребно насилство. Според законскиот текст, за непотребно насилство се смета секое ширење текстуални, вербални и визуелни пораки со кои во термини од програмата што им се достапни на малолетниците се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови насилство што не може да се оправда ниту преку контекстот на жанрот, ниту преку мотивите на драмското дејство на прикажуваната програма.[110] Забраната еднакво се однесува и на други програми за кои постои веројатност дека би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на децата, освен кога со примена на одредена техничка мерка или со оглед на временскиот период во кој се емитуваат е обезбедено дека малолетните лица нема на вообичаениот начин да ги слушнат или да ги видат тие програми.

Во насока на обезбедување дополнителна заштита, законодавецот оди чекор понатаму и предвидува обврска за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги при емитување вакви програми во некодирана форма да обезбедат претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење. Техничките мерки, периодите на емитување, акустичното предупредување, визуелните знаци и начинот на постапување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги при емитување на програмите наведени погоре со посебни акти ги пропишува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Емитувањето детска порнографија е целосно забрането, додека, пак, порнографијата е дозволена само во кодиран облик.

Сублимираниот преглед на законските решенија покажува дека заштитата на детските права во Република Северна Македонија, а во контекст на темата што е предмет на интерес, најчесто се ефектуира преку забрана за емитување содржини што може да му нанесат сериозна штета на психофизичкиот и моралниот развој на малолетните лица, на тој начин што ваквите содржини се вообичаено достапни на електронските медиуми, но со одредено ниво на заштита (системи за верификација на возраста, внесување PIN-код и сл.) Денес, и покрај тоа што не постои единствена дефиниција за тоа што се „содржини што може да нанесат сериозна штета“, сепак, генерално, за такви се сметаат порнографските содржини, сцените на брутално насилство, злоупотреба на опојни дроги или разни облици на криминално поведение.[111] Притоа, основната цел на законската регулатива е да обезбеди примарно ниво на заштита на малолетните лица, односно да се обезбеди дека тие нема да ги гледаат или да ги слушаат овие програми во нормални услови.

## ПОЗИТИВНО И НЕГАТИВНО ВЛИЈАНИЕ НА МЕДИУМИТЕ ВРЗ ПРАВАТА НА ДЕЦАТА

Начинот на кој медиумите ги прикажуваат децата има особено влијание врз ставовите на сите општествени чинители и креатори на заштитни политики посветени на детските права. Од друга страна, еднакво е нивното влијание врз општествената перцепција за децата и одлуките што се преземаат од нивно име и во случај кога не им посветуваат доволно внимание, односно нивното претставување во медиумскиот простор го сметаат за помалку важно, па според тоа го занемаруваат правото на детето да биде застапено во програмските содржини на начин што ќе се пласираат информации во јавноста за неговите потреби, евентуални достигнувања и успеси или ставови и размислувања во однос на прашања за кои се директно засегнати.

Имајќи го предвид горенаведеното, прашањето за влијанието на медиумите врз децата и нивните права (позитивно и негативно) се наметнува како своевиден императив во правно-

109 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 од 26.12.2013 г.).

110 Член 50 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

111 Во македонското законодавство за „содржини што може да нанесат сериозна штета“ се сметаат особено програмски содржини што вклучуваат порнографија или непотребно насилство.

политичкиот дискурс за концептот на детството во дигиталната ера (UNICEF, 2017, 7-11). Мора да се нагласи дека влијанието на медиумите врз децата и нивните права за време на развојната доба нема е секогаш ист интензитет. Тоа во најголема мера зависи од возраста што се јавува како главна детерминанта на понатамошната вклученост на детето во медиумскиот простор. Имено, додека детето е во најрана возраст и е целосно под закрила на членовите на потесното семејство, најчесто се идентификува со нивниот модел на однесување, па така практикува поведенија што во голема мера потсетуваат на оние на родителите. Неговиот пристап до содржини што се пласираат во медиумите е целосно контролиран и ограничен, бидејќи секогаш се остварува во присуство на возрасните членови на семејството и најчесто според нивен избор и убедување (детски песни, цртани филмови или други анимирани серии).

Во подоцнежниот период од развојот на детето, кога функцијата на семејството како примарна средина на заштита почнува да слабее, а детето развива припадност кон пошироката микросредина, влијанието на медиумите станува значително поголемо. Во овој период децата веќе имаат активен пристап до содржините што се пласираат на интернетот и другите платформи за масовна комуникација што родителите не се во можност докрај да ги контролираат, па како резултат на тоа почнуваат да создаваат нови претстави за животот и модели на однесување што делумно ги потиснуваат претходно стекнатите навики и ставови. Ова е еден континуиран процес што има доминантно влијание во адолесцентниот период, кога младата личност го оформува сопствениот идентитет, најчесто создавајќи припадност кон одредени идеолошки ставови со особено влијание врз начинот на размислување и врз однесувањето (Singer и Singer, 2001, 311-312).

Досегашните искуства во Република Северна Македонија покажуваат дека поголем е научниот интерес за негативното влијание на медиумите врз децата и нивните права, како и нивното негативно претставување во медиумскиот простор. Потврда за ова се многубројните информации што секојдневно се пласираат за деца жртви на насилство, експлоатација и злоупотреба од различен вид, при што под закрила на начелото на јавен интерес и правото на јавноста да биде информирана, а во отсуство на целосна контрола и регулација на содржините, неретко се доведува во прашање интегритетот на детската индивидуа. Негативното влијание на медиумите врз децата и нивните права најчесто се ефектуира преку зголеменото прикажување насилство и нетрпеливост од различен вид, непристојни содржини, говор на омраза, продуцирање детска порнографија итн. Од друга страна, за позитивните примери од застапеноста на децата во медиумскиот простор се зборува значително поретко, а со тоа само се потврдува фактот дека и покрај големите цивилизациски достигнувања, денес се уште не е востановена докрај практиката за редовно промовирање афирмативни вредности и содржини што го подобруваат и го збогатуваат процесот на растење (УНИЦЕФ – Институт за технологија во Даблин, 2007, 38). Позитивните страни од вклученоста на децата во медиумскиот простор во ниту еден случај не смее да се потценат, бидејќи тие веќе се сметаат за нужност во процесот на растење и социјализација. Најчести придобивки од ваков вид се следењето и учењето креативни содржини од едукативен карактер (детски песнички, документарни програми, анимирани серии, едукативни прилози), развивањето критички став кон нештата, зајакнување на способноста за расудување (што е добро, а што не), учење букви, бројки и слично. Особено значајни за споменување се и оние примери каде што медиумите преку програми и содржини приспособени на возраста обезбедуваат проактивно учество на децата во медиумскиот простор, со цел да им се даде можност да се изразат себеси на смислен начин во врска со прашањата што ги засегаат. На ваков начин се создава перцепција кај детето дека неговото мислење е важно и дека интересот на општествената заедница за него е еднаков како оној за возрасните. Затоа, на глобално ниво, сѐ поголем е бројот на интересни групи и медиумски организации што креираат можности за активно учество на младите на социјалните и комуникациски платформи (Crowley и Moxon, 2017, 29-55). Ова е еден одличен пример што Република Северна Македонија треба да го следи во напорите за промовирање активно учество на децата во програмските содржини со позитивен предзнак, а кои разработуваат прашања што директно ги засегаат и придонесуваат за ефектуирање на нивните потреби и интереси.

## КРИТИЧКИ ОСВРТ НА СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Кога станува збор за природата и организацијата на медиумското окружување во Република Северна Македонија, во контекст на децата и нивните права, може да се констатира дека денес се евидентни напорите за нивна заштита и унапредување, но сѐ уште постојат многубројни пропусти што, за жал, се одразуваат директно на детската благосостојба. Првенствено, и покрај забележливиот напредок во овој домен, евидентен е недостигот на реално, квалитетно и социјално релевантно, медиумско покривање или проток на информации во врска со прашањата за детските права, како и за состојбите во кои се наоѓаат децата. Ова во голема мера се должи на фактот што и покрај еволуцијата на сфаќањата за концептот „Свет по мерка на децата", се уште недостасуваат креативна свест, стратегии, разработени механизми и мерки за уважување и континуирано следење на детските предизвици, проблеми или состојби во кои се наоѓаат. Врз ваквата состојба големо влијание има и патронизираниот став кон децата како целосно зависни суштества што живеат под целосна закрила на семејството, па така идејата за следење на сите состојби, кои водат кон унапредување или повреда на нивните права како посебни општествени единки, честопати го губи примарното значење. Имајќи го предвид горенаведеното, сериозно треба да се размисли за вложување во идејата за младински насочени новинари, специјализирани во областа и ориентирани кон создавање/уредување посебни медиумски канали со содржини посветени на децата и нивните права.

Друг момент за кој можеби најмалку се зборува, а е од извонредно значење за унапредување на состојбите во оваа проблематика, е непостоењето формални модели за консултирање/активно учество на децата при креирање на владините политики (Lansdown, 2001, 1-16). Ова е директна последица на недоволната координација помеѓу владините институции во однос на политиките што ги засегаат децата, од една страна, и неефикасното користење на и така ограничените буџетски средства наменети за активности за поддршка на децата, од друга страна. Децата, кога им се даваат можност, неопходни информации и поддршка, може да остварат значаен придонес во одлуките што влијаат врз нивното секојдневие (Lansdown, 2011, 5). Затоа, креирањето на националните политики, без да се земат предвид нивните идеи и размислувања, особено за прашања што директно ги засегаат, индиректно укажува на субмисивен став кон детството и децата како зависни индивидуи без посебен идентитет. Еден од моделите што може да има особен придонес во подобрувањето на ваквата состојба е соработката со невладините организации преку организирање работилници, мрежи за комуникација, теренски посети и обука (Angle et al., 2014, 8). Имено, ако граѓанскиот сектор претставува компонента од општественото живеење, која ја поставува линијата на корелација помеѓу претставниците на власта и граѓаните и претставува своевиден коректив на владејачките политики (Давитковски и др., 2011, 347-364), тогаш неспорно е дека неговата улога има цел демократизација на општеството и воспоставување медиумска култура што би одела во насока на зацврстување на граѓанската артикулација наспроти власта.

Сведоци сме и дека етичките/професионалните стандарди за известување за правата на децата или за состојби во кои децата се инволвирани на кој било начин не се практикуваат секогаш и во сите ситуации каде што, според околностите на случајот, очигледно е дека тоа е потребно. Ова во голема мера се должи на непостоењето посериозни обуки за специјализација на новинарите за известување за детските права или за прашања во кои децата се директно инволвирани или се засегната страна. Токму оваа слабост има најголемо влијание во остварувањето на секундарната виктимизација кај деца жртви, бидејќи несоодветното известување во насока на предизвикување сожалување за жртвата или сензационализам со цел поголема читаност/гледаност може да предизвика стигматизација и трајни последици во натамошниот развој на детето. Ова е можеби еден од позначајните моменти вреден за потенцирање во целокупната анализа на прашањето за односот на медиумите кон децата, бидејќи грижата за децата не се покажува на тој начин што тие трајно ќе се жигосаат како жртви на одредено насилство, злоупотреба или неповолни општествени околности (сиромаштија, деца на улица, злоупотреба на детскиот труд и сл.).

Меѓународната федерација на новинари[112] предвидува обврска за сите новинари да се

112 IFJ (International Federation of Journalists) е најголема светска организација на новинари основана во 1926 година со седиште во Брисел, Белгија. Организацијата има цел да ги заштити и зајакне правата на новинарите, а истовремено работи на полето на солидарноста, социјалната правда, работничките права, глобализацијата, демократијата и човековите права.

придржуваат до највисоките етички и професионални стандарди при известување за децата, а истовремено да овозможат максимална можна дисеминација на информации во врска со Конвенцијата за правата на детето и нејзините импликации врз извршувањето на независното новинарство. Во оваа насока, најзначајните етички правила до кои треба да се придржуваат сите медиуми кога известуваат за правата на децата се однесуваат на пласирање проверени и вистинити информации и факти за настанот, при што секогаш треба да се земат предвид можните последици од објавувањето материјали во кои се инволвирани деца; прикривање на идентитетот на детето со цел заштита на приватноста и психофизичкиот интегритет во сите случаи кога се известува за него, освен кога е во прашање јавен интерес; умереност, чувствителност и емпатија кога се известува за прашања што се однесуваат на децата, независна проверка на информациите добиени од децата без да се изложува на опасност детето што ги споделило тие информации итн. Притоа, најдобрите интереси за секое дете треба да бидат заштитени над сите други интереси, вклучувајќи и застапување за проблемите на децата и промовирање на нивните права. При обидот да се утврдат најдобрите интереси за детето, потребно е да му се даде соодветна тежина на правото на детето да ги искаже своите гледишта во согласност со неговата возраст и зрелост (Тунева и Кока, 2016, 41).

Понатаму, и покрај тоа што во речиси сите демократски општества се воведени системи на класификација за аудиовизуелните услуги (Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2019, 28-29), сепак во Република Северна Македонија, па и пошироко во регионот, за жал, и натаму се следат програмски содржини што може да спаѓаат во некоја од категориите содржини со штетно влијание врз малолетниците. Поради тоа, од суштинско значење е да се работи на усовршување на примарните модели на заштита што треба да ги понудат самите даватели на аудиовизуелни услуги во соработка со регулаторните тела, а потоа не треба да се заборави и улогата на родителите како еднакво важни во остварувањето на заштитната функција. Во оваа насока, неопходно е да востанови единствен и делотворен систем на класификација за вакви содржини што доброволно би се почитувал и би се спроведувал од страна на сите даватели на аудиовизуелни медиумски услуги.[113]

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Профилирањето и глобализацијата на медиумскиот простор како составен дел на денешницата, несомнено, се една од главните карактеристики на современата култура кај младите во меѓународни рамки. Во услови на постојана демократизација на општествените текови и континуирано вложување напори за облагородување на концептот на детството, медиумите треба да бидат препознатливи како позитивен промотор на детските права, а истовремено да обезбедат заштита од содржини и практикување поведенија што значително го отежнуваат процесот на афирмирање на младите како посебна развојна група со афинитети, потреби и потенцијали, различни од оние на возрасните. Децата имаат право на медиуми што одговараат на нивните потреби, ги рефлектираат нивните искуства, а при пласирањето информации за нив ги споменуваат со должна почит и вреднување исто како и возрасните. Ова јасно имплицира дефинирана обврска на општествените структури за заштита на најмладите од содржини што негативно влијаат врз нивниот раст и развој и континуирана имплементација на мерки за промовирање на нивната благосостојба.

Имајќи го предвид горенаведеното, најважен чекор во целокупното управување со процесот е воведување реално применливи и проверени механизми за контрола и регулација на содржините според возраста, со цел да се спречи следењето програми што децата, поради степенот на развој, не се во состојба да ги разберат, па според тоа може лошо да ги интерпретираат или да се поистоветат со одреден лик/настан, а со тоа би се довеле во директна опасност или, пак, таквите програми се непристојни за гледање согласно востановените морални стандарди.

113 Основната цел на единствениот систем на класификација, без оглед дали преку изработка на база на податоци или некое друго практично средство, е да овозможи лесна и директна идентификација на потенцијално штетните елементи во одредена програмска содржина, а со тоа ќе им се олесни на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги на крајот да донесат уредувачка одлука за тоа дали одредена содржината може да биде штетна за малолетните лица и, доколку е така, како правилно да се класифицира. Воведувањето ваков систем е значајно, бидејќи досегашната практика покажа дека аудиовизуелните куќи честопати имаат тешкотии во спроведувањето на квалификациските системи поради очигледен недостиг на разбирање во рамките на индустријата за тоа како треба да се спроведе соодветна класификација на потенцијално штетната содржина.

Заштитата на децата од штетното влијание на медиумите, во денешно време, особено добива значење имајќи ги предвид зголеменото прикажување насилство, сè почестата застапеност на говорот на омраза, продуцирањето детска порнографија, сексуалната злоупотреба на деца преку средствата за масовна комуникација и други слични појави. Во тој поглед, од витално значење е националните регулаторни тела да го преиспитаат начинот на работење и да го приспособат своето дејствување на потребите на современото општество (Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2019, 19-20). Имено, во услови кога интернетот сè почесто ги заменува традиционалните медиуми (радиото и телевизијата), се менуваат и општествените очекувања во врска со регулаторната заштита што неизбежно треба да се приспособи на новите трендови и да се развива во оваа насока. Овде не треба да заборавиме дека заштитата на децата е интердисциплинарен концепт што бара вклучување на повеќе засегнати страни во процесот. Така, колку и да се добро обмислени националните стратегии за регулација, заштитата не може да биде делотворна или сеопфатна без ефективна меѓуинституционална соработка, фокусирани напори за медиумска писменост, како и родителска одговорност.

Понатаму, од исклучителна важност е континуирано да се организираат обуки на новинарите во областа на правата на децата со цел стекнување знаења и вештини за известување за прашања што се однесуваат на младите и нивните права, но и за проактивно учество на медиумските работници во креирањето афирмативни и конструктивни содржини со позитивен предзнак, посветени исклучиво на децата. Еднакво важно во оваа насока е да се работи и на поттикнување активно учество на децата во медиумскиот простор, а со тоа би се овозможило да се изразат во јавноста на смислен начин за прашања што ги засегаат и да бидат активни партиципиенти во одлучувачкиот процес кога станува збор за нивните интереси и права. Ова посебно го нагласуваме, бидејќи од досега наведеното може да се заклучи дека напорите на државата за заштита на детските интереси во доменот на медиумското работење се претежно фокусирани на минимизирање на негативните влијанија на медиумите врз децата и нивните права, а значително помалку се оние што го валоризираат позитивниот контекст од релацијата медиуми – деца. Звучи парадоксално, но, од една страна, треба да се интензивираат обидите за зголемено учество на децата во медиумскиот простор, а, од друга страна, треба да постои обврската да се обезбеди заштита на децата од медиумска изложеност и експлоатација. Затоа, добро обмислените стратегии и политики во чија основа стојат најдобрите детски интереси треба да обезбедат баланс помеѓу овие две барања. Основната идеја е да се утврди кои се модалитетите, мерките и политиките за заштита на децата од медиумска експлоатација, без притоа да се им се ограничи учеството во медиумскиот простор, кое овозможува афирмација на позитивни вредности и промоција на нивните права и интереси, но и користење на придобивките од брзиот развој на технологијата со цел стекнување социјални вештини, знаења и поведенија. Само на овој начин медиумите може да се наметнат како неприкосновени промотори на детските права и активен партнер на општествените структури, кои според овластувањата што ги имаат се најповикани да работат на имплементација на мерки за остварување на детската благосостојба.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Angle. S., Baerthlein. T., Daftari. N., Rambaud. B., Roshani. N. 2014. *Protecting the rights of children: The Role of the Media, Lesson from Brazil, India and Kenya.* Internews Europe.
2. Crowley, A., Moxon, D. 2017. *New and innovative forms of youth participation in decision – making process.* Council of Europe.
3. Lansdown, G. 2001. *Promoting Children's Participation in Democratic Decision – Making.* UNICEF – Innocenti Research Centre.
4. Lansdown, G. 2011. *A Framework for Monitoring and Evaluating Children's Participation, A Preparation Draft for Piloting.*
5. Singer, G. D., Singer, L. J. 2001. *Handbook of Children and the Media.* Thousand Oaks: Sage Publications.
6. UNICEF. 2017. *The State of the World's Children 2017: Children in a Digital World.* UNICEF.
7. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. 2019. *Регулаторните тела за медиуми и заштитата на малолетните лица.* Скопје: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
8. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. 2019. *Регулаторните тела за медиуми и заштитата на малолетните лица.* Скопје: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
9. Давитковски, Б., Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мицковиќ, Д., Груевска-Дракулевски, А. 2010. *Компаративен преглед на законодавството во Република Македонија и Конвенцијата за правата на детето, Извадок од препораките.* Скопје: Министерство за правда на Република Македонија.
10. Давитковски, Б., Павловска-Данева, А., Гоцевски. Д. 2011. „Перспективите на НВО секторот во вршењето на јавни услуги во Република Македонија". *Zbornik Pravnog fakulteta u Zagrebu: 347-364.*
11. Тунева, М., Кока, Ф. 2016. *Етичко известување на медиумите во Европа и Македонија.* Скопје: Здружение на новинари на Македонија.
12. УНИЦЕФ – Институт за технологија во Даблин. 2007. *Правата на децата и работата на новинарите – осврт од аспект на правата на децата.* УНИЦЕФ – Институт за технологија во Даблин.
13. Европска конвенција за заштита на човековите права (European Convention on Human Rights), Совет на Европа, 1950, ратификувана од Р. Северна Македонија во 1997 година.
14. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Службен весник на РМ" бр. 184/13 од 26.12.2013 г.
15. Конвенција за правата на детето (Convention on the rights of the child), ООН, 1989, ратификувана од Р. Северна Македонија во 1993 година.